Согласно член 35 став 5 од Законот за судовите, член 33 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, член 68 став 5 од Судскиот деловник, Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21.02.2022 година, во врска со дискусијата на седницата на Одделот од 13.12.2021 година, по прашањето „Почеток на правно релевантен период во кривичните предмети“ го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

Почетокот на правно релевантниот период во кривичните постапки, по стариот Закон за кривичната постапка ќе се смета од моментот на давањето на исказ на обвинетиот пред истражен судија, а во кривичните постапки по новиот Закон за кривичната постапка односно од 01.12.2013 година, ќе се смета од моментот на давање исказ на обвинетиот пред Јавниот обвинител.

ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК